Република Македонија
**Влада на Република Македонија**
**Министерство за труд и социјална политика**

Влада на Република Македонија
Министерство за труд и социјална политика

Бр. 10-109/5
15-04-2013 год.

Даме Груев бр.14,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3 106212
Сајт: www.mtsp.gov.mk

**До:**
**Министерство за информатичко општество**
**и администрација**
**Скопје**

Предмет: Извештај од спроведени консултации по однос на Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита

Почитувани,

Согласно со член 8 од Упатството за начинот на постапување во работата на министерствата за вклучување на засегнатите страни во постапката за изготвување на закони ("Службен весник на Република Македонија" бр.150/11), Министерството за труд и социјална политика, во постапката на подготовка и пред поднесување на Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита, до Генералниот Секретаријат на Владата на Република Македонија, Ве известува дека во предложениот текст на истиот се овозможи консултации на засегнатите страни преку ЕНЕР, односно истиот беше објавен на ЕНЕР од 01.04.2013-10.04.2013 година, заедно со образец број 1 - План за почетна процена на влијанието на регулативата и образец број 2 – Иницијалната проценка на влијанието на регулативата.

Со објавувањето беше овозможено сите засегнати страни да ги дадат своите мислења и коментари по Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита.

Министерството за труд и социјална политика преку консултации на засегнатите страни преку ЕНЕР, на ден 01.04.2013 година, од граѓанин Мите Андоновски, добиен предлог во целиот текст на законот зборовите: „Х денари“ да се заменат со зборовите: „Y евра во денарска противвредност“. Како коментар е истакнато дека казните се искажани во „евра во денарска противвредност“, од кои прилини се предлага и социјалната помош да се определи на ист начин.

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

**Министерство за труд и социјална политика**

На ден 02.04.2013 година, на ЕНЕР е објавен следниот одговор: Согласно постојната регулатива во Република Македонија, паричните трансфери се вршат во националната валута денар. Со Законот за социјалната заштита, висината на паричните права од социјална заштита е изразена во номинална денарска вредност, која се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година. Потребните срадства за исплата на корисниците на правата од социјалната зштита се обезбедуваат во Буџетот на Република Македонија

Воедно, согласно со членот 4 од Упатството Упатството за начинот на постапување во работата на министерствата за вклучување на засегнатите страни во постапката за изготвување на закони, Министерството за труд и социјална политика Ве известува дека Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита, заедно со пропишаните прилози се објавени и на веб страната на министерството.

Изработил: С.Спасовска
Одобрил: З.Мемети

МИНИСТЕР
Спиро Ристовски